Врз основа на член 50 став 1 точка 14 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр.05/02), Градоначалникот на Општина Илинден на ден ___________ година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За формирање на Жири комисија за спроведување на постапка за јавна набавка на услуги - Избор на идеен проект и изработка на основен проект за изградба на семејни станбени куќи во локалитет ЈАКА – општина Илинден**

**Член 1**

Со ова Решение се формира Жири комисија за спроведување на постапка за јавна набавка на услуги - Избор на идеен проект и изработка на основен проект за изградба на семејни станбени куќи во локалитет ЈАКА – општина Илинден, во состав од:

1. Јулијана Димитријевска (Претседател);
2. Милка Петковска (член),
3. Борка Петровска (член),
4. Весна Стојановска (член),
5. Елена Димитријевиќ (член).

**Член 2**

Жири комисијата од член 1 ќе ги врши следните работи :

-отворање на понудите;
-водење на записник;
-утврдување на способноста на економските оператори;
-утврдување на избрани кандидати;
-проверување на техничките понуди поднесени од понудувачите во врска со условите и барањата од техничките спецификации или од описната документација;
-проверување на финансиските понуди поднесени од понудувачите во врска со цената, соодветните финансиски и други услови утврдени со тендерска документација;
-утврдување на неприфатливи понуди, како и причини заради кои тие понуди се сметаат за неприфатливи;
-утврдување на прифатливи понуди;
-предлагање на најповолната понуда;
-подготвување на извештај за за спроведената постапка;
-известување на учесниците во постапката за исходот од соодветната постапка;
-врши други работи согласно со овој закон.

**Член 3**

Жири комисијата е должна постапката за јавна набавка да ја спроведе согласно Законот за јавни набавки.

**Член 4**

Жири комисијата почнува со работа веднаш по приемот на ова Решение.

**Член 5**

Решението стапува на сила со денот на неговото донесување.

**Арх.број** 05-3361/1
**Од** 02.12.2013 **год.**

Доставено до:

**ОПШТИНА ИЛИНДЕН**
**Градоначалник**
**Жика Стојановски**

Република Македонија Градоначалник Општина Илинден